# ПОСТДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

*Горан АЈДИНСКИ*
*Владимир ТРАЈКОВСКИ*

Институт за дефектологија
Филозофски факултет


## Резиме

Трудот го третира прашањето на студиските програми наменети за студенти-постдипломци од Институтот за дефектологија, а во функција на целосно спроведување на одредбите од Болоњската декларација, чиј потписник е и Република Македонија.

Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет од Скопје организира постдипломски студии за научно истражување и стекнување на научното звање магистер на науки и доктор на науки од подрачјето на дефектолошката наука.

Во текот на студиите постдипломците учат научни методологии од повеќе научни области, каде што треба да ја докажат научната активност со што се оспособени за понатамошна научна работа.


***Клучни зборови***: *постдипломски студии, Институт за дефектологија, магистерски труд*

## Вовед

Институтот за дефектологија годинава одбележува 15 години постоење како единствена високошколска институција во Република Македонија која изведува универзитетски додипломски и постдипломски студии.

Имајќи го предвид развојот на дефектолошката теорија и практика во светот и во Република Македонија, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, веднаш со неговото отпочнување со работа, се создадоа

Адреса за сепаратите:

*Горан АЈДИНСКИ*

Институт за дефектологија
Филозофски факултет
Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје
Република Македонија
e-mail: goran@fzf.ukim.edu.mk

# POSTGRADUATE STUDIES AT THE INSTITUTE OF SPECIAL EDUCATION AND REHABILITATION

*Goran AJDINSKI*
*Vladimir TRAJKOVSKI*

Institute of Special Education and Rehabilitation
Faculty of Philosophy


## Abstract

This paper considers the issue of the study program intended for postgraduate students at the Institute of Special Education and Rehabilitation and the realization of the provisions of the Bologna Declaration which signifier is the Republic of Macedonia as well.

The Institute of Special Education and Rehabilitation at the Faculty of Philosophy in Skopje organizes postgraduate studies of scientific research and acquiring scientific titles master and doctor of science in the field of special education and rehabilitation.

The postgraduate studies offer scientific methodologies from various scientific areas which enable postgraduates to direct their activities toward further scientific work.


***Key words***:*postgraduate studies, Institute for Special Education and Rehabilitation, Master thesis*

## Introduction

The Institute of Special Education and Rehabilitation has marked 15 years of its existence as the only higher educational institution in the Republic of Macedonia which perform university undergraduate and postgraduate studies.

The Institute of Special Education and Rehabilitation at the Faculty of Philosophy in Skopje, soon after it had started its work and regarding the deve-

Address requests for reprint to:

*Goran AJDINSKI*

Institute of Special Education and Rehabilitation
Faculty of Philosophy
Krste Misirkov bb, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
e-mail: goran@fzf.ukim.edu.mk

услови за организирање последипломски студии за научно истражување и стекнување научно звање магистар на науки и доктор на науки од подрачјето на дефектолошката наука. На овој начин се прекина со досегашната практика дефектолозите од Република Македонија да се запишуваат на последипломски студии во Белград, во Софија или во Благоевград. Секако, за ова придонесоа и досегашните искуства кои покажаа дека непосредното пренесување на модели на образование од други социјални, културни и економски средини не е можно и дека решението треба да се бара на самиот Институт за дефектологија. Отворањето на постдипломски студии беше потенцирано од самите студенти кои завршуваа студии по дефектологија и во голем број изразија желба за понатамошно стручно усовршување.

Институтот за дефектологија располага со соодветен наставнички кадар. Во истовреме е воспоставена соработка и се ангажирани наставници од другите институти на Филозофскиот факултет и другите сродни факултети на Универзитетот во Скопје како и од дефектолошките факултети од Белград и Софија, за покривање на предмети и/или наставни содржини во времето додека Институтот не обезбеди свој наставен кадар.

Кандидатите кои ќе завршат последипломски студии ќе се здобијат со назив: магистер по дефектолошки студии од одреденото научно подрачје. Во текот на студиите постдипломците учат научни методологии од повеќе научни области, каде што треба да ја докажат научната активност со што се оспособени за понатамошна научна работа.

Првата генерација студенти на последипломски студии беше запишана во учебната 1998/99 година и оттогаш, преку една година, перманентно се запишува нова генерација. Досега имаат магистрирано 7 постдипломци, а титулата доктор на науки ја стекнале 6 кандидати.

## *Цел на последипломските студии*

Цел на последипломските студии е создавање кадар подготвен да ја иницира, унапредува и да ги следи современите тенденции на дефектолошката теорија и практика.

lopment of special education and rehabilitation theory and practice worldwide and in the Republic of Macedonia, created conditions for organizing postgraduate studies for scientific research and acquiring scientific titles master and doctor of science in the field of special education and rehabilitation.

That ended the previous practice of the special educators from the Republic of Macedonia to continue their postgraduate studies in Belgrade, in Sofia or in Blagoevgrad. The previous experience contributed to that and showed as well that direct transferring educational models of other social, cultural and economic environments was not possible. Thus, the solution was found at the Institute of Special Education and Rehabilitation. Postgraduate studies were initiated by a large number of students who after finishing their studies of special education and rehabilitation expressed their wish to continue their professional advanced studies.

The Institute of Special Education and Rehabilitation has appropriate professional teaching personnel. Cooperation has been established with other institutes at the Faculty of Philosophy and other relevant faculties at the University in Skopje as well as the Faculties of Special Education and Rehabilitation in Belgrade and Sofia. Their professionals have covered subjects and/or studies as long as the Institute of Special Education and Rehabilitation provides its own teaching personnel.

After finishing their postgraduate studies candidates acquire the title master of special education and rehabilitation in certain scientific field. Within the studies postgraduates get to know various scientific methodologies in different scientific fields where they have to demonstrate their scientific activity which enables further scientific work.

The first postgraduate generation enrolled in the academic year of 1998/99. Since then, a new generation has permanently enrolled every second year. So far 7 postgraduates have acquired the title master and 6 candidates have acquired the title doctor of science.

## *The aim of the Postgraduate studies*

The aim of the postgraduate studies is to create personnel prepared to initiate, enhance and follow up the contemporary tendencies of special education and rehabilitation practice.

Тие се насочени кон едукација на кадри за научно истражувачка работа на:

- Институтот за дефектологија;
- републички институции од областа на образованието, социјалната заштита, здравствената заштита;
- институции во кои се реализира дефектолошката практика со лица со пречки во развојот;
- редовни предучилишни установи, основни и средни училишта и
- министерства за социјална заштита, образование, здравство и др.

They are directed to education of professionals for scientific and research work:

- Institute of Special Education and Rehabilitation;
- Institutions in the field of education, social and health care in the Republic of Macedonia;
- Institutions in which special education and rehabilitation practice of people with disabilities is carried out;
- Formal pre-school institutions, primary and secondary schools;
- Ministry of Labor and Social Care, Education, Health care etc.

### *Траење на студиите и кредити*

Наставата, испитите и другите активности на последипломските студии по дефектологија се одвиваат во три семестри, додека четвртиот е наменет за изработка на магистерскиот труд. Кредитите се распределени рамномерно по семестри. За да пристапи кон изработка на магистерскиот труд, кандидатот треба претходно да освои 90 кредити.

Магистерскиот труд се вреднува со дополнителни 30 кредити или вкупно, со завршување на последипломските студии кандидатот освојува 120 кредити.

### *The duration of studies and credits:*

The studies, examinations and other activities of the postgraduate studies in special education and rehabilitation happen in three semesters, while the fourth is meant for the master thesis, with equal number of credits for each semester. In order to start the master thesis, the postgraduate has to achieve 90 credits.

The master thesis is assessed with 30 credits, i.e. after finishing postgraduate studies the candidates achieve 120 credits total.

### *Изработка на магистерски труд*

Ментор на кандидатот за изработка на магистерскиот труд може да биде еден од наставниците кои ја изведуваат наставата. Кандидатот избира тема во договор со менторот. Магистерскиот труд се брани според критериуми утврдени на Филозофскиот факултет, со претходно усвојување на темата на трудот од страна на Советот за постдипломски студии.

### *Master Thesis*

The mentor of the master thesis preparation can be one of the lecturers. The theme is agreed upon between the mentor and the postgraduate. The master thesis is defended according to the criteria set by the Faculty of Philosophy with previously adopted theme of the work by the Council of Postgraduate Studies.

### *Финансирање*

Постдипломските студии по дефектологија се реализираат со самофинансирање на студентите.

### *Financing*

Postgraduate studies in Special Education and Rehabilitation are self-financed.

### *Семинарски работи и др.*

Студентот е должен да изготви две семинарски работи и истражувачки проект по предметот Планирање на научното истражување. Со нив освојува по 5 кредити или вкупно 15 кредити.

### *Seminar Papers*

Postgraduates have to prepare two seminar papers and a research project of the subject of *Scientific Research Planning*. The postgraduate achieves 15 credits due to that.

### *Научно звање*

Со одбрана на магистерскиот труд, кандидатите се стекнуваат со научен степен магистер по дефектолошки науки. Во дипломата ке биде назначена изборната група предмети што ја избрал кандидатот.

### *Scientific title*

After defending the master thesis the postgraduate acquires the scientific title master in special education and rehabilitation science. The subject group chosen by the postgraduate is noted in the diploma.

Во продолжение ќе биде претставена студиската програма на постдипломските студии по дефектологија.

The Curriculum of the postgraduate studies is presented in the Tables bellow.

## *А. Задолжителни предмети*

## *A. Compulsory subjects*

| **код** *(code)* | **Предмети** *(Subjects)* | **часови** *(classes)* | **кредити** *(credits)* | **семестар** *(semester)* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ110 *(FDL110)* | Теории на едукацијата и рехабилитацијата *(Theory of education and rehabilitation)* | 30 | 10 | 1 | | |
| ФДЛ120 *(FDL120)* | Планирање на научното истражување (*Scientific Research Planning*) | 45 | 15 | 1 | | |

| **код** *(code)* | **А. 1. Изборни предмети од групата на задолжителни** ***(A.1. Optional subject from the group of compulsory subjects)*** | **часови** *(classes)* | **кредити** *(credits)* | **семестар** *(semester)* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ310 *(FDL310)* | Научни истражувања во дефектологијата *(Scientific Research in Special Education and Rehabilitation)* | 15 | 5 | | | 3 |
| ФДЛ320 *(FDL320)* | Квантитативни методи на истражување *(Quantitative Research Methods)* | 15 | 5 | | | 3 |
| ФДЛ330 *(FDL330)* | Квалитативни методи на истражување *(Qualitative Research Methods)* | 15 | 5 | | | 3 |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

The student chooses 1 (one) of the offered subjects

## *Б. Изборни групи на предмети* *B. Optional groups of subjects*

| **код** *(code)* | **Б. 1. Ментална ретардација и аутизам** ***(B .1. Mental Retardation and Autism)*** | **часови** *(classes)* | **кредити** *(credits)* | **семестар** *(semester)* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ210 *(FDL210)* | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со ментална ретардација и аутизам *(News in Education and Rehabilitation of People with Retardation and Autism)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ212 *(FDL312)* | Проценка на психомоторниот развој на лицата со ментална ретардација и аутизам *(Assessment of Psychomotor Development of People with Mental Retardation and Autism)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ214 *(FDL214)* | Психомоторни развојни растројства *(Psychomotor Developmental Disorders)* | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ216 *(FDL216)* | Аутизам *(Autism)* | 30 | 10 | | | 3 |

| **код** *(code)* | **Б. 2. Оштетување на слухот и говорот** ***(B. 2. Hearing and Speech Impairments)*** | **часови** *(classes)* | **кредити** *(credits)* | **семестар** *(semester)* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ220 *(FDL220)* | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со оштетен слух *(News in Education and Rehabilitation of People with Impaired Hearing)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ222 *(FDL222)* | Методи на рана дијагностика и интервенција на децата со говорни и јазични нарушувања *(Methods of Early Diagnosis and Intervention in Children with Speech and Language Disorders)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ224 *(FDL224)* | Растројства во говорот и гласот *(Speech and Voice Disorders)* | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ226 *(FDL226)* | Комуникација на лицата со оштетен слух *(Communication of People with Impaired Hearing)* | 30 | 10 | | | 3 |

| **код** *(code)* | **Б. 3. Оштетување на вид** ***(B. 3. Vision Impairments)*** | **часови** *(classes)* | **кредити** *(credits)* | **семестар** *(semester)* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ230 *(FDL230)* | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со оштетен вид *(News in Education and Rehabilitation of People with Impaired Vision)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ232 *(FDL232)* | Ортоптика и плеоптика *(Orthoptics and Pleoptics)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ234 *(FDL234)* | Рехабилитација на видот кај слабовидите *(Rehabilitation of Vision in People with Poor Vision)* | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ236 *(FDL236)* | Оспособување на лицата со оштетен вид за самопомош *(Qualification of People with Impaired Vision for self-assistance)* | 30 | 10 | | | 3 |

| код<br>*(code)* | **Б. 4. Моторни нарушувања**<br>***(B. 4. Motoric Disorders)*** | **часови**<br>***(classes)*** | **кредити**<br>***(credits)*** | **семестар**<br>***(semester)*** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ240<br>*(FDL240)* | *Новини во едукацијата и рехабилитацијата на телесно инвалидни лица*<br>*(News in Education and Rehabilitation of People with Physical Disabilities)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ242<br>*(FDL242)* | Кинезитерапија<br>*(Kinesitherapy)* | 30 | 10 | | 2 | |
| ФДЛ244<br>*(FDL244)* | Медицинска рехабилитација на телесно инвалидни лица<br>*(Medical Rehabilitation of Persons with Physical Disabilities)* | 30 | 10 | | | 3 |
| ФДЛ246<br>*(FDL246)* | Невролошки аспекти на моторните нарушувања<br>*(Neurological Aspects of Motoric Disorders)* | 30 | 10 | | | 3 |

## В. Изборни предмети

## C. Optional subjects

| код<br>*(code)* | **В. 1. Ментална ретардација и аутизам**<br>***(B. 1. Mental Retardation and Autism)*** | **часови**<br>***(classes)*** | **кредити**<br>***(credits)*** | **семестар**<br>***(semester)*** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ410<br>*(FDL410)* | Генетски аспекти на менталната ретардација<br>*(Genetic Aspects of Mental Retardation)* | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ412<br>*(FDL412)* | Менталното здравје кај лицата со ментална ретардација<br>*(Mental Health in Persons with Mental Retardation)* | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

The student chooses 1 (one) of the offered subjects

| код<br>*(code)* | **В.2. Оштетување на слухот и говорот**<br>***(B. 2. Hearing and Speech Impairments)*** | **часови**<br>***(classes)*** | **кредити**<br>***(credits)*** | **семестар**<br>***(semester)*** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ420<br>*(FDL420)* | Генетски аспекти на слушните, говорните и јазичните нарушувања<br>*(Genetic Aspects of Hearing, Speech and Language Impairments)* | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ422<br>*(FDL422)* | Детски јазик со психолингвистика на нормалниот и нарушен развој<br>*(Children's Speech with Psycholinguistics in Normal and Disturbed Development)* | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ424<br>*(FDL424)* | Визуелна перцепција на говорот<br>*(Visual Perception of Speech)* | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ426<br>*(FDL426)* | Фонетика<br>*(Phonetics)* | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети

The student chooses 1 (one) of the offered subjects

| **код** (*code*) | **В. 3. Оштетување на вид** (***B. 3. Vision Impairments***) | **часови** (***classes***) | **кредити** (***credits***) | **семестар** (***semester***) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ430 (*FDL430*) | ***Медико-генетски аспекти на оштетениот вид*** (*Medico-Genetic Aspects of Impaired Vision*) | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ432 (*FDL432*) | Перипатологија (*Peripathology*) | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети    The student chooses 1 (one) of the offered subjects

| **код** (*code*) | ***В. 4. Моторни нарушувања*** (***B. 4. Motoric Impairments***) | **часови** (***classes***) | **кредити** (***credits***) | **семестар** (***semester***) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ФДЛ440 (*FDL440*) | ***Генетски аспекти на нарушената моторика*** (*Genetic Aspects of Motoric Impairments*) | 15 | 5 | | 2 | |
| ФДЛ442 (*FDL442*) | Окупациона терапија (*Occupational Therapy* ) | 15 | 5 | | 2 | |

Студентот избира 1 (еден) од наведените предмети    The student chooses 1 (one) of the offered subjects

## *Услови за упис на студенти во повисока година*

Сите студенти за упис во втора година мораат да ги имаат уредно ислушани сите предмети и да ги исполнат сите обврски кои се предвидени со Правилникот за постдипломски студии.

## *Enrollment Conditions of the Second Year Students*

Postgraduate students in order to enroll the second year have to full all the obligations anticipated in the Rulebook of Postgraduate Studies.

## *Кредити и концепција на студиите*

Студиите се конципирани по научни области-модули, кои им овозможуваат на студентите стекнување на знаења од општите методолошки предмети (прва година-прва група на кредити по предмети), а потоа во зависност од интересот на кандидатот насочување спрема модули (научни области-втора група на кредити по предмети).

Првиот семестар опфаќа предавања и вежби од предметите кои се однесуваат на општата теорија и методологија на научно-истражувачката работа во полето на дефектологијата.

Предавањата, вежбите и консултациите во вториот и третиот семестар се однесуваат на теоријата и методологијата на истражување во одредените научни области.

## *Credits and the Conception of the Studies*

The studies are outlined in scientific fields-modules which enable students to acquire knowledge in general methodological subjects (first year-first group of subject credits), and then, depending on the interest, students are directed towards modules (scientific areas-second group of subject credits).

The first semester covers lectures and exercises in subjects which refer to general theory and methodology of scientific and research work in the field of special education and rehabilitation.

Lectures, exercises and consultations in the second and third semesters refer to theory and methodology of research in certain scientific areas.

### *Кредити*

Студиите се прилагодени кон Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) со цел да се подобри меѓународната мобилност на студентите и признавање на одржаната настава и собраните бодови во која било земја на Европа.

Кредитирањето е во согласност со ЕКТС системот на бодирање. Согласно со ЕКТС организирани се три групи на кредити: две кредитни групи според предметите и третата група вон-наставна научна активност.

### *Концепција на студиите*

Студиите се концепирани така што им овозможуваат на студентите активно учествување во процесот на научно-истражувачката работа. Тоа е овозможено преку голем број на изборни предмети и вклучувањето во научно-истражувачки проекти во рамките на Институтот за дефектологија. Изборните предмети се однесуваат на научните и стручните содржини со кои се операционализираат доста специфични подрачја од одредени научни области. Имајќи предвид дека во рамките на една научна област се упишува мал број на студенти, наставата ќе се реализира доколку се запишале најмалку три студенти, со напомена дека наставата по предметите кои ги упишале до пет студенти ќе се реализира со консултативно-семинарска работа, а предавања ќе се организираат доколку предметот го запишале повеќе од пет студенти.

### *Заклучок*

Сонот за „Европа без граници" веќе се остварува на економско и политичко поле низ процесот на глобализација, Интернетот, новите технологии. Секојдневно се тежнее кон забрзан економски раст, унапредување, поголем квалитет во сите сфери на живеењето. Во целиот тој процес значајно место зазема високото образование и реформите што во него се преземаат.

Предизвиците поврзани со неодминливите реформи во образованието што ги очекуваат европските земји им претстојат и на високообразовните институции во Р. Македонија. Сепак, она на што Филозофскиот факултет треба да стави акцент е целосно имплементирање на ставките од Болоњската Декларација и овозможување подобри услови за мобилност на студентите и наставниците.

### *Credits*

The studies are adapted to the European Credit Transfer System (ECTS) aiming to enhance the international student mobility and to recognize the study periods spent and collected credits in any country in Europe.

Crediting is according to ECTS of scoring. According to ECTS three groups of credits are organized: two credit groups according to the subjects and the third group is out-studies scientific activity.

### *Conception of Studies*

The studies are outlined in such a manner that they enable students to participate in the process of scientific and research work due to a large number of optional subjects and the possible participation in scientific-research projects within the Institute of Special Education and Rehabilitation. The optional subjects are related to scientific and research contents which operate specific areas in certain scientific fields. Considering the fact that a small number of students enroll within a scientific field, the studies can be realized only if at least three students have enrolled. Studies of a subject up to five enrolled students can be realized through consultative-seminar work, and lectures are organized if more than five students have enrolled for the subject.

### *Conclusion*

The dream "Europe without borders" has already been realized in economic and political field through the globalization process, the Internet, and the new technologies. World strives toward faster economic growth, improvement, and enhanced quality in all spheres of living. Higher Education and the undergoing reforms in it take an important part in that process.

The challenges associated with the unavoidable reforms in education and expected in the European countries are forthcoming for the higher education institutions in the Republic of Macedonia. The Faculty of Philosophy has to emphasize the entire implementation of the Bologna Declaration and enable better conditions for student and teacher mobility.

За таа цел треба да се преземат следниве чекори:

- Активирање на Tuning-проектот во рамките на Институтот за дефектологија и воспоставување активна соработка (вмрежување) со сродните факултети на универзитетите од регионот заради усогласување на студиските програми и олеснување на препознавањето на квалификациите и студиските периоди поминати на некоја од институциите во земјите од регионот и пошироко;
- Редефинирање на студиските програми на ФзФ (особено деловите за компетенциите и исходите од учењето) во склад со усвоената генерална рамка на квалификации во ЕНЕА која ги вклучува трите циклуса, општите описи за секој циклус засновани врз исходите од учење и компетенциите;
- Креирање на Мастер-програми насочени кон специфични области и кон специфична студентска публика на национално и интернационално ниво заради подобрување на вертикалната мобилност и привлекување на најдобрите студенти од други високообразовни институции;
- Натамошно подобрување на информатичката технологија;
- Вложување поголем напор за зголемување на буџетот за високото образование.

Република Македонија мора да се движи во насоката во која се движат останатите европски земји-кон научен раст и развој, преку реформи во полето на образованието и стручното усовршување на студентите и наставниот кадар. Нема полесен начин да се влезе во Европа, од оној на полето на науката и образованието, бидејќи квалитетот не познава визи и граници. Едно е сигурно-со вклучувањето во Болоњскиот Процес се пречекори прагот на ЕУ. Останува да се работи на исполнување на поставените критериуми и на тој начин да се даде придонес кон „сивата материја“ на која Европа толку многу се надева.

Thus, the following steps have to be undertaken:

- Activating the Tuning Project within the Institute of Special Education and Rehabilitation and establishing active cooperation (networking) with related faculties at the universities in the region in order to adjust the study curriculums and facilitate the recognition of the qualifications and study periods spent in any of the institutions in the country or broader;
- Redefining the study curriculum of the Faculty of Philosophy (especially the parts of the competences and the outcome of studies) according to the established general framework of qualifications in EHEA that includes the three cycles, general description of each cycle based on the study outcomes and competence;
- Creating Master-programs directed toward specific areas and specific study audience at national and international level, aiming to enhance the vertical mobility and attract the best students of other higher educational institutions;
- Further improvement of information technology;
- Attempt to enhance the budget of the higher education.

The Republic of Macedonia has to move forward as other the European countries-toward scientific growth and development through reforms in the field of education and professional improving of students and teaching staff. There is no easier way of entering Europe than the one in the field of science and education since quality does not recognize visas and borders. One thing is certain-inclusion in the Bologna process means crossing the threshold of EU. The rest is to meet the established criteria and thus to contribute to the "gray matter" Europe hopes for.

### *Литература / References*


1. 2005 Bergen summit on Higher Education http://www.-bologna-bergen2005.no
2. A Framework for Qualifications of the European Higher Education Area Bologna Working Group on Qualifications.
3. http://www.bologna-bergen2005.no/Docs/00-Main_doc-/050218_QF_EHEA.pdf
4. Standards and Guidelines for Quality Assurance in Higher Education (ENQA) http://www.enqa.net/files/BergenRe-port210205.pdf
5. Trends in Learning Structures in Higher Education (IV) http://www.eua.be/eua/jsp/en/upload/TrendsIV_FINAL.11-17012084971.pdf
6. Tuning Educational Structures in Europe II http://-www.tuning.unideusto.org/tuningeu/
7. Studiranje u Evropi II http://www.untz.ba
8. Regionalno usaglashavanje kurikuluma (Tuning). Ka Evropskom prostoru visokog obrazovanja. Priruch-nik za seminar.
9. Alternativna Akademska Obrazovna Mreza (AAOM), april, 2006
10. Quality Assurance Agency for Higher Education (QAA) http://www.qaa.ac.uk
11. Филозофски факултет http://www.ukim.edu.mk